Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програмата за Месна самоуправа (Капитални расходи) – ДА0 - Подпрограма за Месна самоуправа (тековно оперативни расходи) – Д10 на Општина Кисела Вода за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Програматата за Месна самоуправа (Капитални расходи) – ДА0 - Подпрограма за Месна самоуправа (тековно оперативни расходи) – Д10 на Општина Кисела Вода за 2024 година, донесена на Триесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-308/3
12.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и третата пленарна седница одржана на 27 декември 2023 година, донесе

**Програмата за Месна самоуправа (Капитални расходи) – ДА0**
**- Подпрограма за Месна самоуправа (тековно оперативни расходи) – Д10 на Општина Кисела Вода за 2024 година**

## ВОВЕД

Граѓаните на Општина Кисела Вода ги разгледуваат и завземаат ставови за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа преку облиците на месна самоуправа. Месната самоуправа во Општина Кисела Вода е организирана преку 15 урбани и месни заедници од кои урбаните се основани во градските подрачја а во населените места, месни заедници. Во организација на секторот за Месна самоуправа и социјална заштита, Градоначалникот на Општина Кисела Вода ги посетува урбаните и месните заедници два или повеќе пати во годината, од каде што се црпат релевантни информации директно од граѓаните кои живеат во тој дел од Општината за сите проблеми со кои се соочуваат и се во доменот на одлучување на Општината и воедно се сумираат резултатите за договореното од претходната средба. На овие средби со граѓаните што се оддржуваат во објектите на урбаните и месните заедници како што може да се види погоре се континуирани низ целата година по дневен ред на истите се поставуваат најразлични прашања и се бара потреба за нивно решавање пред се за комуналната инфраструктура на соодветното подрачје,изградба и одржување на објекти од јавен интерес (водоводи,улици,културни домови,спортски објекти,паркови,детски игралишта и др), заштита на животната средина,покренување на иницијативи за уредување на просторот,организирање на културни,спортски и забавни манифестации и други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Покрај редовните посети на урбаните и месните заедници во 2024 година се предвидува одржување и на повеќе програмски активности во секоја месна-урбана заедница како и активно вклучување на НВО-граѓанските здруженија во активностите на општината и создавање на ефикасни механизми за взаемна соработка и за градење на партнерски однос за зголемувањето на влијанието на граѓанските организации во креирање на политиката на општината за нејзиниот развој.

Покрај другото Секторот за месна самоуправа ќе учествува,помага и дава логистичка подршка и за другите настани во организација на останатите Сектори во општината пред се во одбележувањето на денот на Општината, потоа одржување на манифестациите како (денови на Пушкин, денови на Шопен, Културно лето на општина Кисела Вода 2024, спортските манифестации и др).

►Агенда за посета на Градоначалникот на Општина Кисела Вода на урбаните и месните заедници

Секторот за Месна самоуправа и социјална ќе предложи Агендата за посета на Градоначалникот на сите урбани и месни заедници, која што предвидува посета на истите во првата половина на месеците: март и октомври.

Значи, сметајќи дека најдобриот извор на информации за проблемите што ги тиштат граѓаните доаѓа од самите средби на граѓани кои ги организира секторот за месна самоуправа и социјална заштита, а ги истакнуваат граѓаните во тие моменти и понатаму ќе се влечат приоритетите за реализација на проектите од горенаведените средби.

►Субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните на територија на општина Кисела Вода за купување на дрва за огрев, по 500 денари по метар кубен но со максимална вкупна количина до 10 метри кубни како и 350 денари за метар просторен но до максимална вкупна количина од 14 метри просторни започнувајќи од 01.04.2024 година за сите жители на општината што купиле дрва за огрев се превидуваат финансиски средства во висина од 1.200.000,00 денари со вклучен персонален данок.
Финансиска конструкција: 1.200 000,00 денари.

## Одделението за месни заедници, невладини организации и социјална заштита

Невладини организации е термин кој се употребува во западната терминологија и ги определува сите форми на здружување на граѓаните кои настанале поради остварување на одредени (заеднички) цели. Општина Кисела Вода има за цел да ја зајакне и унапреди соработката со граѓанскиот сектор, со што ќе дојде до промовирање на неговата улога и да го зголеми граѓанското учество во креирањето на локалните политики за развојот на локалната заедница.

Граѓанските организации со својата експертиза и стручност учествуваат непосредно во развојот на општината , прогресот, а со тоа се зајакнуваат демократските принципи, кој е во духот со Европската повелба за локалната самоуправа. Втемелувањето на граѓанскиот сектор како рамноправен партнер во локалната заедница е потреба за воспоставување на партиципативна демократија. Граѓанските организации како практични познавачи на состојбите и потребите на граѓаните и локалната заедница можат да и´ понудат нови алтернативи за решавање на проблемите од аспект на:локалното финансирање, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детска заштита, здравствена заштита, образованието, давање на експертиза во вклучување на стратешко и акционо планирање на општинскиот развој, неформално образование и други области од општествениот живот.

**ЦЕЛ**

- Иницирање, кординирање на непосредна соработка со граѓанските здруженија и невладините организации за проток на информации
- Учество на граѓанскиот сектор во креирањето на локалните политики
- Транспарентност – можност за соработка со секоја граѓанска организација која ќе искаже желба за соработка со општината

Зајакнување на капацитетите на општинската администрација за унапредување на соработката со граѓанскиот сектор.

Општина Кисела Вода една како главна цел која ќе биде реализиранаво оваа Програма е и ставање на располагање на целокупниот потенцијал во поглед на простор со кој располага Секторот за Месна самоуправа и социјална заштита, преку урбаните и месните заедници со цел истиот бесплатно да го користат Здруженија на граѓани и разни клубови преку Меморандуми за соработка а во интерес на граѓаните на општина Кисела Вода.

►Топлотен бран- Заштита и превенција на здравјето на граѓаните од високи температури во летниот период во 2024 година.

Во духот на взаемната соработка на општина Кисела Вода со О.О на Црвен Крст на Општина Кисела Вода која отсекогаш била на високо ниво, ќе се реализира проектот "Топлотен бран" во кој општина Кисела Вода учествува со кофинансирање во проектот за грижата на здравјето на своите граѓани. Проектот ќе се реализира при постоење на топлотни температури од 35 степени целзиусови во периодот јули – август 2024 год. Активностите ќе ги спроведува Црвениот Крст, а ќе се состојат со одвивање на теренски активности со постоење на мобилни екипи составени од: возило на Црвениот Крст , медицинско лице- доктор, волонтери на Црвен Крст , кои на граѓаните ќе им им даваат медицинска помош, совети, ќе се делат, шишиња со вода , а ќе им се укаже помош на оние лица кои ќе имаат потреба за носење до крајната дестинација.

Општина Кисела Вода ќе учествува во проектот со кофинансирање заедно со О.О.на Црвен Крст на општина Кисела Вода.

Финансиска конструкција за проектната активност во зависност од времетраењето на високите температури во период јули – август 2024 година

-Обезбедување на флаширана вода-Општина Кисела Вода (600 литри) јули-август

-Обезбедување на гориво за возило на Црвен крст - 20 000,00 денари

-Инструктори (2) по прва помош за месец јули-август - 24 000,00 денари

-Торба за прва помош со медицински материјал - 6 000,00 денари

Финансиски средства - 50 000,00 денари (трансферирани средства на Црвен крст на Република Македонија – Општинска Организација на Црвен крст на Кисела Вода

Носители- Општина Кисела Вода и Црвен Крст на Република Македонија-општинска Организација на Црвен Крст на општина Кисела Вода.

►Се предвидуваат средства во висина од 200 000,00 денари за трансфер до Здруженија на граѓани (НВО) и фондации кои во наредната година ќе понудат

проекти за унапредување на Општина Кисела Вода во сите сфери на делување на истите а во насока на подобрување на општествениот живот во Општината.

Вкупно: 1.450 00,00 денари

## ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од створените технички услови, како и од приливот на средства во буџетот на Општина Кисела Вода.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за Месна самоуправа и социјална заштита.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, а ќе се применува од 01.01.2024 година.

Број 09-11002/5<br>27 декември 2023 година<br>Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на Општина Кисела Вода<br>Иван Живковски с.р.